РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 05.05.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3186/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на законот за здравственото осигурување, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Даниела Николова
Бисера К. Стојчевска
Мите Пешевски
Сања Христовска
Славјанка Петровска
Оливер Спасовски
Софија Мирчевска
FATMIR BYTYQI
Јован Митрески
Горан Мисовски
Митко Трајчевски

Предлагачи : Група пратеници

П Р Е Д Л О Г НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, мај 2026 година

В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 144/25 и 154/25), се уредува здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување.

Лицата со попреченост и децата со ретки болести се соочуваат со низа пречки при остварувањето на своите права во системот на здравствена заштита. Иако во рамките на Фондот за здравствено осигурување постои позитивна листа на лекови и можност за добивање на ортопедски помагала, досегашната пракса укажува на значителни ограничувања и нееднаквост во пристапот до неопходната терапија и медицинска поддршка.

Децата со попреченост често имаат потреба од специфични лекови и суплементи кои не се на позитивната листа, или пак се достапни само со високи партиципации што претставува значителен финансиски товар за семејствата. Поради тоа, многу родители се принудени самостојно да ги набавуваат потребните лекови, што создава нееднаквост во пристапот до здравствена заштита во зависност од социјалниот статус на семејството.

Дополнително, лицата со попреченост имаат континуирана потреба од ортопедски и други индивидуални помагала  колички, ортопедски чевли, очила, слушни апарати и слично. Во постојната законска регулатива, и одобрувањето на овие помагала се ограничени и не ги следат растото и реалните потреби на децата/лицата со попреченост па со тоа е потревно да врши ревидирање на овие услуги во период од  најмалку од две години, што не ги одразува реалните потреби, особено кај децата чии физички параметри и потреби се менуваат со растот и развојот. Недостигот на флексибилност во времетраењето на правото, ограничената капитација и долгите административни постапки често доведуваат до ситуации кога детето мора да користи несоодветно или дотраено помагало.

Со предложените измени се создаваат услови за проширување на позитивната листа со лекови и суплементи наменети за деца со попреченост и лица со ретки болести, како и за ревидирање и зголемување на капитацијата за ортопедските и индивидуалните помагала, со можност за нивно почесто обновување според реалните потреби на корисниците. Овие измени ќе придонесат за подобрување на квалитетот на животот, заштита на здравјето и поголема еднаквост во пристапот до здравствени услуги.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на предлог на закон е  да се подобри пристапот до неопходна здравствена заштита и медицинска поддршка за децата со попреченост и лицата со ретки болести, преку воспоставување посебна позитивна листа на лекови и суплементи, како и преку проширување и ревидирање на правото на ортопедски и индивидуални помагала.

Со предлог измените ќе се овозможува редовно и континуирано следење на здравствените потреби на овие лица, намалување на финансискиот товар врз семејствата и обезбедување на правична и навремена здравствена услуга. На тој начин, законот придонесува кон реална инклузија и подобрување на квалитетот на животот на децата со попреченост.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Согласно со член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, од причина што не се работи за обемен закон, предлагаме по Предлогот на законот за дополнување на Законот за здравственото осигурување, Собранието да расправа по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ,

Член 1

Со Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 144/25 и 154/25), по членот 9-а се додава нов член 9-б кој гласи:

„Член 9-б

Министерството за здравство, при донесување на подзаконските акти од член 9-а на овој закон, е должно на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот да содржи и лекови неопходните лекови, препишани на рецепт од позитивната листа на лекови.

Фондот за здравствено осигурување, во соработка со Министерството за здравство, здруженијата на лица со попреченост и стручните здруженија од обласат на медицината, најмалку еднаш годишно врши анализа на потребите и поднесува предлог за проширување на Листата на лекови од став (1) на овој член.

Министерството за здравство е должно при ревизија на позитивната Листа на лекови да гиземе предвид предлозите од ставот (2) на овој член.“.

Член 2

По членот 34 се додава нов член 34- а кој гласи:

„Ортопедски и индивидуални помагала за деца со попреченост

Член 34-а

За лица со попреченост, Фондот за здравствено осигурување обезбедува ортопедски и други индивидуални помагала вклучително и колички, ортопедски чевли, очила, слушни апарати и други видови помагала со зголемена капитација во висина определена со акт на министерот за здравство.

Ревидирањето на потребата од овие помагала се врши најмалку еднаш годишно, а по исклучок и почесто, во случаи на раст и развој на детето или промена во здравствената состојба, врз основа на стручно мислење на овластена здравствена комисија.

Средствата за спроведување на ставовите (1) и (2) од овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија. “.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**I**. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување и дополнување на законот за основното образование содржи 3 члена.

Со член 1 се обезбедува редовно следење и прилагодување на Листа на лекови според реалните здравствени потреби на лицата со попреченост, преку вклучување на стручни и граѓански организации во процесот на одлучување.

Со член 2 се овозможува поголема флексибилност и редовна замена на ортопедските помагала според реалните потреби на децата со попреченост, со што се подобрува нивниот квалитет на живот и функционална независност.

Со член 3 е уредено влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби од овој Предлог-закон се меѓусебно поврзани, како такви сочинуваат една правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното законско решение ќе има позитивно влијание и се очекува значително подобрување на квалитетот на здравствената заштита и животот на децата со попреченост и лицата со ретки болести. Проширувањето на Листа на лекови ќе се овозможи континуиран пристап до неопходни лекови и суплементи кои досега не биле достапни или биле финансиски недостапни за семејствата. Дополнително, ревидирањето на правото на ортопедски и индивидуални помагала ќе обезбеди навремена замена и прилагодување на истите според растот и здравствените потреби на децата, што ќе придонесе за нивна поголема мобилност, самостојност и рехабилитација. Особено за ортопетските чевли и очила кои се сериозен проблем за децата со попреченост. На тој начин ќе се намали социјалната и здравствената нееднаквост и ќе се обезбеди поефикасно и хумано користење на јавните средства.